## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21.04.2000 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, Продолжуваме со работа по Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Јордан Бошков ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Со оглед на фактот што денеска на дневен ред имаме пратенички прашања, парламентарното мнозинство е ирелевантно, но го има како што можам овде да забележам, па според тоа, можам да констатирам дека денеска можеме да работиме нормално.

Најнапред би сакал да дадам неколку известувања во врска со договорот што го имав со шефовите на парламентарните групи.

Денеска имаме чест во првите два и пол часа, значи до 13,30 часот да одговара на прашања на пратениците исклучиво господинот премиер Љубчо Георгиевски. Како што најави, така денеска ќе се реализира.

Притоа, за да може да воспоставиме определен ред и особено, а тоа е за почитување на премиерот, за да им се даде повеќе право и можност на пратениците од опозицијата да постават што повеќе прашања, јас денеска се договорив во првиот дел од работата на Собранието, се договорив со шефовите на пратеничките групи на неколку правила што сакам однапред да ви ги соопштам. Имено, пријавената листа на пратеници од минатите продолженија на 40-та седница, во оваа ситуација ќе ја оставиме за после паузата, односно после договорите од страна на премиерот. Но, за да имаме доволно време премиерот да одговори на поставените прашања од страна на пратениците, се договоривме за една листа што ми ја доставија шефовите на пратеничките групи, каде што најмногу, прашања ќе му поставуваат, како што ќе видите, пратеници од опозицијата. За да можат што повеќе прашања да поставаат пратениците од опозицијата, се договоривме секој пратеник од листата што ми ја доставија координаторите на пратеничките групи, да поставaт максимум по две прашања и тоа во време од 5 минути, со целата експликација. А, на г-динот премиер ќе му дадеме можност во време од 10 минути максимум да одговори на поставените прашања.

Јас ќе одам по редоследот на имињата што ми ги доставија шефовите на пратеничките групи и така ќе ги прозивам пратениците да ги поставaт прашањата. Се разбира дека најнапред ќе поставaт прашања пратениците, односно најнапред пратеник од најголемата опозициона група, а тоа е на СДСМ.

Затоа, овде како прв на листата а и како пратеник кој го побара премиерот да му постави две прашања беше г-динот пратеник Илија Филиповски.

Му давам збор на г-динот пратеник Илија Филиповски и ги молам пратениците, а и премиерот да се придржуваат кон претходно утврдениот договор: 5 минути максимум две прашања и 10 минути одговор на двете прашања.

Повелете Г-дине Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, јас имам две прашања до премиерот.

Првото прашање е во врска со постапката за ликвидација на "АЛМАКО" банка и последиците по даночните обврзници.

Ревизијата на ревизорската куќа "Дилојт и Туш" укажува на неопходноста за ликвидација на Банката, бидејќи капиталот на банката не е доволен да ја покрие целата загуба. Ставот на Светската банка е дека АЛМАКО е инсолвентна во голема мерка и секој обид за нејзино одржување би чинел даночните обврзници значително и пред јавноста и меѓународната јавност би се дале сигнали дека бизнис - грешките и криминалните активности може да се покриваат со политичка моќ.

Европската комисија укажува дека Банката се става во државна сопственост, во која е вовлечен поранешниот министер за економија како еден од сопствениците на Банката.

Народната банка на Македонија во првата половина на јануари во 1999 година

констатира дека кон крајот на 1998 година Банката станала неликвидна и инсолвентна, а во јануари 1999 година презема одредени мерки, за да на 14.03. Банката се прогласи за неликвидна и инсолвентна.

Органите, институциите на Владата, во периодот од декември 1998 година до февруари 1999 година голем дел од депозитите од големите банки во РМ ги префрлија во АЛМАКО банка. Денес, тоа Владата го прави, на пример, со Балканската Банка, а за тоа резултатите ќе ги видиме, најверојатно, подоцна.

Вкупниот износ на влогови и депозити на државни пари во АЛМАКО банката се во германски марки 24,4 милиони и тоа од Телеком од Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, кредитот од Народната банка, Националниот парк "Јасен", Министерството за развој и други. Во тој период министер за стопанство бил г-дин Жанко Чадо кој е еден од сопствениците на АЛМАКО банка.

АЛМАКО банката, во исто време има побарувања од Групацијата АЛМАКО во износ од, во германски марки, 42,4 милиони.

Прашањето до премиерот е, дали влоговите и депозитите во АЛМАКО банка во износ од, во германски марки, 24,4 милиони Владата ги смет аза организиран криминал, бидејќи се вклучени нејзини министри и директори на јавни претпријатија, знаејќи дека Банката од крајот на 1998 година е инсолвентна и неликвидна и дека за тоа има сигнали од Народната банка на Македонија?

Што преземаат институциите на системот против сторителите на тие дела, како и што презема Владата за надомест на штетата?

Второто прашање е омилената тема на премиерот, ОКТА.

При ратификација на Договорот во Собранието пред пратениците и целата македонска јавност премиерот гарантираше дека ОКТА е убедливо најголема инвестиција во последните 50 години со 320 милиони германски марки, најскапо платена приватизација, договорот не обезбедува никаков монопол, во октомври 1999 година акциите на ОКТА ќе котираат на Атинската и Лондонската берза.

Што се случува после скоро 10 месеци од продажбата на ОКТА?

Од убедливо најголема инвестиција, како што вети премиерот, најавените 40 милиони УСА долари за модернизација на Рафинеријата, како и 20 милиони американски долари за бензински пумпи, ништо не се случува. Напротив, имаме тенденции да се одлагаат од примена претходно усвоените стандарди за нафтени деривати за 5 години и сега, главно, од еколошки аспект во Македонија имаме деривати со квалитет меѓу најлошите во Европа. Содржината на оловото на бензините и сулфурот во дизелот и мазутот е скоро четирипати поголема од стандардите во Европа.

Од најскапо платената приватизација, според зборовите на премиерот, до денеска на сметката на државата, институциите на државата не е стигнат ниту еден долар. Воспоставен е монопол со закон, несвојствено за ниту една европска земја, (претседателот предупредува на времетраењето на поставувањето на прашања) а устата ни е полна со Европа, а за тоа преговара Светската Банка, Европската Унија и Светската трговска организација.

Акциите на ОКТА не се котираат на Атинската и Лондонската берза, како што вети премиерот (повторно предупредување за времето) туку ОКТА финансиската 1999 година ја заврши со загуба од 327 милиони денари, околу 10,5 милиони германски марки...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам поставете го прашањето.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

... и тоа во услови: државата ги презема обврските на ОКТА во износ 35 милиони германски марки, цената на нафтата на светските берзи во првите 6 месеци (реакции во салата и претседателот повторно предупредува со ѕвончето) од 1999 година изнесуваше 13,4 американски долари за барел, во втората половина на 1999 година, кога цената на нафтата значително се зголеми...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам прашањето.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

.. се зголеми 23 пати цената на нафтените деривати. Значи, имаме скоро највисоки малопродажни цени на бензин, нафта и мазут во Европа, а во нив учеството на акцизите, приходите за државата се најмали...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Филиповски, прашањето.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

... во однос на другите европски земји.

Го поставувам прашањето Г-дине претседателе.

Воспоставен е монопол со Закон, невиден за пазарните економии, производите од ОКТА еколошки се скоро најлоши во Европа, поради одлагањето на примената на новите стандарди за 5 години, имаме загуба во работењето на ОКТА и после приватизацијата, приватизацијата не е платена, инвестицијата за модернизација на ОКТА и бензинските пумпи не се остварува.

Прашањето до премиерот е дали Владата има намера да ги преиспита своите ставови спрема Договорот со ЕЛПЕТ БАЛКАНИКА? Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Илија Филиповски за излагањето.

Има збор премиерот г-динот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво, што се однесува до АЛМАКО банка и прашањата што произлегуваат од АЛМАКО банка, можам да кажам дека тоа што денеска Владата на РМ, со сопствена одлука го поддржува и јасно има дадено на знаење дека нема да има санирање на АЛМАКО банка и дека АЛМАКО банка ќе оди во стечај, во поглед на оние ингеренции што ги има Владата во таа насока.

Морам да го истакнам фактот дека главен одлучувачки фактор за ваквата одлука беше последниот извештај на Меѓународната финансиска ревизиска куќа "Дилојт и Туш".

Што се однесува до другите прашања, мислам дека најголем дел од другите прашања што ги постави пратеникот се однесуваат на гувернерот на Народната банка, односно на политиката во чија надлежност е банкарскиот систем, а ние знаеме дека имаме јасни и доста прецизни закони во нашава држава каде што за банкарскиот систем максимално е одговорна Народната банка на Република Македонија:

Пратеникот кажа дека за состојбата на АЛМАКО банка од Народната банка, за нејзината влошена состојба имаме сигнали. Не знам во која правна формулација, правно - формална терминологија ги вклучува овие сигнали. Меѓутоа, Народна банка има јасни и прецизни механизми што треба да ги преземе ако види дека една банка е во состојба во која треба да биде. Сигналите, како сигнали се необјаснива категорија, за мене. Тоа е првата работа.

Инаку, сакам да потенцирам дека во моментот кога Народна банка почнала да ги праќа тие "сигнали", што ги спомна пратеникот, значи тоа е времето на претходната Влада. Значи, сите овие големи дубиози, сите овие големи загуби и сето ова практично создавање на оваа дупка меѓу активата и пасивата во АЛМАКО банка е почната и практично завршена со претходната Влада, а ние, како Влада само го наследивме тој еден мал континуитет, при што, исто, морам да кажам дека сум изненаден зошто Народна банка, каде ингеренциите се многу јасни во таа смисла, уште во времето на претходната Влада не ги преземала прецизните мерки и одлуки што требала да ги преземе, за да не ја става во забуна новата Влада и институциите.

Инаку, местењето на депозитите е процес што постојано се прави во банкарскиот систем во РМ, институциите, фирмите, владините организации постојано ги местат депозитите. Сега има некои реакции за местење на некој депозит во Стопанска банка. Што можеме ние тука, како Влада да направиме? Ако има некоја банка што покажува лоши знаци, тука е Народната банка да ги презема своите мерки, да ја покаже својата ефикасност, механизмите се во нејзини раце и тоа е законот што дејствува во Република Македонија. Сакам да кажам дека , имаме јасна поделеност меѓу Народната банка на РМ и ингеренциите на Владата на РМ, а, нашата среќа да биде уште поголема, најголем дел од структурата што управува со Народна банка е, нема да речам дека е опозиција, меѓутоа ќе се согласиме сите дека е поставена во времето на претходната Влада.

Второто прашање е ОКТА.

Јас, само уште, бидејќи некои прашања беа повторени на начин што многу пати сме ги слушале, само уште еднаш ќе кажам дека Владата на Република Македонија се реши на приватизација на ОКТА во моментот кога Светската банка ни го даде списокот на кој ОКТА беше прв загубар од системот што го наследивме претходно, со некаде околу 123 милиони марки долг, односно практично два пати поголем долг отколку проценетата вредност на машините, халите и просториите на ОКТА. Така што, тука го имаме потписот на поранешниот министер, г-динот Таки Фити каде имаме јасен потпис дека тој се

согласува ОКТА да биде прва фирма на списокот за приватизација, односно затворање. До ден денеска сметам дека Владата на РМ направи голем чекор што ОКТА, не само што не ја затвори и остави еден капацитет буквално да скапува како старо железо и 1200 работници без своите работни места, туку ја претвори во една фирма што ќе донесе пари на РМ, ќе учествува активно на националниот доход на РМ и, во исто време, ќе создава развој.

Беше поставено прашањето што е тоа што РМ го добила и дали купувачите на ОКТА се однесуваат професионално према Договорот.

Јас можам да ви кажам следново Договорот со ОКТА е многу прецизен во поглед на плаќање на обврските и можам да кажам до сега тој се остварува според договореното.

Првите 5 милиона долари, околу 10-тина милиони марки се веќе уплатени во првата рата, како што беше договорено според тој Договор. Тука, постојано се прават некои дезинформации каде одат тие средства?

Дами и господа, не само овие средства, сите средства што ќе дојдат за ОКТА одат директно на сметката за отплата на долговите. Постојано се прави некоја мистификација дека парите на доаѓаат во Буџетот, дека не доаѓале во Македонија. Парите не доаѓаат во Буџетот, точно е, меѓутоа доаѓаат во Македонија и Македонија, со тие пари веднаш го прави откупот на долговите на истата таа фирма, долг кој е направен, за жал, во едно претходно време, пред да дојде оваа Влада на власт. Тоа не е ситуација само со оваа фирма. Проблемот на долговите и на фирмите го имаме во секоја една приватизација. Првото прашање што ви го поставува некој странски купувач или домашен купувач, што е со долговите, кој ќе ги презема, кој ќе ги плаќа и ако тој ги презема да се одбијат од цената на капиталот. Тоа е толку вообичаена пракса. Така што еднаш за секогаш сакам да се симнат овие обиди за мистификација дека парите не дошле овде. Каде дошле парите? Парите се овде во РМ , ми се чини дека одат директно на сметката за плаќање на долговите и, тоа е работа што толку може многу нормално да се следи. И, не само првата рата и втората рата, не знам дали беше за јуни или за кој месец беше оваа година и втората рата исто ќе оди на истата таа сметка за отплаќање на стари долгови.

**ЉУБЧО ЃОРЃИЕВСКИ:** (Продолжение)

И при што сакам да нагласам посебно, затоа што и за тоа долго време имаше шпекулации, дали се тоа овие обврзници, односно со попуст платени пари за да може да се откупува странскиот долг. Не. Нај децидно, јасно е, парите се во кеш, 5 милиони долари во кеш без никакви попусти. Тоа е за првата рата.

Цената на капиталот на ОКТА по кој е проценета, тоа е исто така многу јавен податок. Цената на капиталот по кој е продадена ОКТА е онаа цена која претходната Влада не знам по која методологија ја има проценето и ја има изнесено на берза. И тоа е единствен пример на фирма во Република Македонија која е купена по номинална цена. Затоа и тогаш зборував, и сега повторно ќеречам, ОКТА е фирма која највисоко е платена во Република Македонија. Јас уште еднаш ќе повторам нешто што сум го зборувал многу често, Владата на Република Македонија, претходната Влада кога замина од власт кажа дека 70% од општествениот капитал во Република Македонија го има приватизирано. На оваа Влада и остана 30% и тоа по правило најлошиот, 12 загубари, останати загубари. И ќе потсетам може таа самата да си го види податокот, за 70% од капиталот на Република Македонија колку пари има собрано во Буџетот на Република Македонија. Ние за една фирма, прва навистина од загубарите успеавме да добиеме номинална цена, од таа цена која ја имаше проценето претходната Агенција за приватизација на Република Македонија. Така што тука нема никаков простор за шпекулации, дали доаѓаат пари, или не доаѓаат пари. Парите доаѓаат, меѓутоа проблемот на нашата држава и на оваа Влада е што тие пари автоматски одат за наплаќање на старите долгови.

Третата работа, односно третото прашање е околу останатиот дел на договорот, инвестициите. Колку ИНВЕСТИЦИИ се вложени досега во ОКТА? Јас ќе потсетам дека во договорот инвестициониот циклус кој треба да се донесе со приватизацијата на ОКТА е предвиден на три години и тоа е исто така многу добро познат момент. Колку се вложени до сега од тој ИНВЕСТИЦИ0НЕН циклус. 50 км. на Нафтоводот веќе е готов. Значи, не за три години ќе имаме завршување, туку Владата за дупло од три години, значи

година, година и пол, година и осум месеци е да се инвестира она што е ветено за три години. Инвестицијата е овде, можете да ја видите секој ден, 50 км. се направени. Идната година ќе го пуштиме Проектот кој е буквално најголемата инвестиција во Република Македонија, странска инвестиција во нашата држава. Тоа може да се види. А 20-те, или 25-те бензиски пумпи кои ги спомнавте, понудата од ОКТА е веќе дадена во Министерството за урбанизам и отпочнувањ9то на градбата зависи само од нашето Министерство за урбанизам кое ќе ги даде дозволите за изградба на тие 25 бензиски пумпи. Така што, договорот се исполнува.

И, само уште една работа *ќе* спомнам, беше спомнато 10 милиони марки загуба на ОКТА за 1999 година. 10-те милиони марки загуба на ОКТА за 1999 година се загубите од пред приватизацијата на ОКТА.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот пратеник е задоволен од одговорот?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Претседателе, не сум задоволен од одговорот по прашањето за Алмако Банка. Јас не прашував за приватни депозитари, јас прашував за државни фирми кои вложуваа, на пример Телеком, под чии притисоци има вложено таму пари и тие пари треба да ги плаќаат нашите граѓани. И за тоа барам писмен одговор по ова прашање. Во врска со ОКТА, тоа значи дека самиот премиер признава дека не се плаќа приватизацијата, туку се плаќаат долговите на ОКТА. Значи поклонета е ОКТА, поклонет е бизнисот од 200 милиони долари. Тоа е оној првиот став што го имавме како Пратеничка група СДСМ.

И второ, во поглед на инвестициите, би било добро и би сакал да се достави информација за тоа како се планираат инвестиционите активности, односно одговор на пратеничкото прашање писмено да се достави. Јас во врска со одговорите не сум задоволен.

**ЉУБЧО ГОРЃИЕВСКИ:**

За другите работи за кои бара господинот пратеник ќе добие писмен одговор. За прашањето како се плаќа ОКТА, не знам во што е неговото незадоволство, меѓутоа очигледно се работи за отворена желба да не се разбира работата. Ако треба ќе го повторам уште еднаш. Ратите од ОКТА доаѓаат во Република Македонија на начин на кој што е договорено. Првите 10 милиони марки се дојдени и тие се платени веднаш за старите долгови на ОКТА.

Господине пратениче, тие пари што Вие како претходна Влада ги направивте, колку е тоа во ОКТА 123 милиони долг. Според Вас, кој треба да ги плати. Ако не се врзат директно со купувањето на цената на капиталот, значи треба сите да ги префрлиме во Буџетот, односно на сметка на Македонија, и пак ќе ги платиме ние во Македонија. И не е само тој долг во прашање, така е со сите долгови во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, јас мислам за првото прашање прифатено е и ќе добиете писмена информација во однос на “Алмако Банка“, дополнителна.

А во однос на второто прашање дали сте задоволен со конкретниот одговор.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Не сум задоволен и во врска со второто прашање. Би сакал да добијам писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај ќе го формулираме и ќе го добиете.

Господинот пратеник Насер Зибери има пратеничко прашање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, господин претседател на Влада, господа пратеници, дозволете ми најнапред една мала забелешка на воведот на претседателот и неговата изјава дека имаме посебна чест што денес ќе присуствува премиерот на поставувањето на пратенички прашања. Не е ова никаква чест, со сиот респект кон претседателот на Владата и Владата во целина, туку тоа е негова основна и најважна обврска да комуницира со Парламентот и да дава одговори на пратеничките прашања.

Што се однесува до прашањата според договорот имам две.

Првото прашање се однесува на следното. Кон крајот на 1998 година со одлука на Уставниот суд беше укинат Законот за употребата на знамињата на националностите во Република Македонија. Од тогаш до денес имаме правна празнина во овој домен, односно во

праксата имаме различно однесување на граѓаните по однос на употребата на знамињата на националностите. Веќе за година и пол дена, во ниедна општина каде што без оглед на бројот на жителите каде што живеат припадниците на националностите не е во употреба нивното знаме, односно албанското знаме каде што живеат Албанците.

Моето прашање е следново, кога и како оваа Влада ќе го реши овој проблем.

Второ, невработеноста е, беше и веројатно останува едно од најболните прашања за Република Македонија и е еден од најкрупните проблеми со кои се соочува стопанството. На оваа тема беа добиени многу поени на локални, на парламентарни, претседателски избори итн. Коалицијата за промени на парламентарните избори имаше многу амбициозна платформа за разрешување на ова прашање и дури тврдеше дека има програма за разрешување на овој проблем. Па се лицитираше со бројки дека во првите три месеци, а тоа стои и во експозето на премиерот, ќе се направи програма со која ќе се вработат 10.000 социјални случаи. За две години стапката на невработеност во Република Македонија ќе се намалела на 24%, но дека до крајот на мандатот на оваа Влада тоа ќе биде сведено на 17%.

Го потсетувам премиерот дека кон крајот на 1998 година бројот на невработените во Република Македонија изнесуваше околу 250.000 невработени, според службени евиденции на Заводот за вработување, или стапка на невработеност околу 30,9%. Денес за неполни две години, односно година и три месеци според евиденцијата на Заводот за статистика, бројот на невработените изнесува над 360.000, или стапка на невработеност над 37%. Прашањето е следното, на што се должи ова, каде е програмата на Владата и ветувањата за намалување на вработеноста според стапките и бројките што ги спомнав досега и како воопшто Владата ќе го реши проблемот на невработеност?

**ЉУБЧО ЃОРЃИЕВСКИ:**

Што се однесува до првото прашање за Законот за употреба на знамињата на националностите, Владата на Република Македонија во овој момент се уште нема некоја посебна иницијатива, а нормално за ова прашање може да се дискутира согласно со постојните уставни и законски решенија. Така што во таа насока во овој момент нема некој посебен проект кој може да го очекува Парламентот.

Второто прашање за невработеноста, мене ми е жал што господинот Насер Зибери малку ги меша цифрите од разни институции во Република Македонија, па таму каде што му одговара најниската цифра од Заводот за вработување ја компарира со цифрата од Заводот за статистика или обратно. Меѓутоа, секој има право да си бира цифри кои му одговараат. Јас уште еднаш ќе кажам дека ние навистина имаме тука затекнато една малку некоординирана ситуација каде што цифра на вработеност и невработеност практично даваат три институции, две официјално, едната е Заводот за статистика, втората е Заводот за вработување и третата неофицијално, а практично тоа е Заводот за платен промет. Така што кога се прави компарација, добро е да се прави компарација или од самиот Завод за статистика, ланска и оваа година, или од самиот Завод за вработување, ланска и оваа година, или пак од Заводот за платен промет. Ние работиме на тоа да ги усогласиме тие ставови и од сега натаму да имаме еден извор на давање на податоци и најверојатно ќе го применуваме оној што го признава меѓународната заедница, а тоа е анкетата на вработеноста, односно невработеноста која ја прави Заводот за статистика. Ваква анкета ќе имаме сега, односно во април, и ние за кратко време ќе ја имаме најновата слика на вработеност, односно невработеност, а ќе се потрудиме таа анкета да ја правиме од сега натаму барем два до три пати годишно за да имаме постојано нови информации.

Околу манипулациите на вработеноста или невработеноста, на пример господинот Насер Зибери цитираше еден податок за невработеност во 1998 година од 250.000 луѓе, а заборава дека во исто време од Заводот за вработување имавме податок дека има 316.000 невработени. Меѓутоа, да не навлегуваме во старите статистики, јас ќе кажам за новата ситуација. Меродавен податок на кој јас најмногу се повикувам, иако е практично и најнеофицијален, тоа е Заводот за платен промет, односно тоа е местото каде што пријавените работници се пријавуваат за да земат плата. Можеби во овој момент навистина можеме да кажеме дека тоа е најнеофицијален податок, меѓутоа едно е јасно, дека темпото на вработени, не зборувам за невработени,

тука тоа не може да се пресмета, рапидно расте од месец во месец и верувам дека тоа конечно ќе се покаже и со новата анкета на Заводот за статистика.

Во исто време ќе Ви кажам неколку други податоци кои ја дополнуваат таа теза. Нето исплатените плати за 1999 година во Република Македонија по маса се 18% повисоки отколку оние во 1998 година. Зборувам за година во која имавме шестмесечна безбедносна криза. Така што ова е податок кој многу јасно и прецизно зборува дека вработеноста во Република Македонија е во тенденција на раст. Тоа е нормално далеку од она што е посакувано и ние како Влада, сигурно и македонските граѓани, меѓутоа факт е дека темпото на раст е евидентен. Јас верувам дека со инвестициите кои во овој момент во Македонија се преземаат, или се прават, дека ние оваа ситуација уште повеќе ќе ја подобриме.

При што, сакам да истакнам и уште еден момент кој е многу важен кога зборуваме за анализата на вработеноста, односно невработеноста во Македонија. Цифрата која беше покажувана минатата година на вработеност во себе вклучуваше и 40.000 вработени кои според претходниот закон на Владата беа вработени во фирмите, а сите обврски им ги плаќаше државата. Новата цифра на вработеност во Република Македонија е цифра без таков закон, односно реално вработување во Република Македонија, вработување со плаќање на сите давачки во името на вработениот. Така што оној јаз од 40.000 вработени кои беа вработени, а давачките им ги плаќаше државата, денеска е комплетно реално поклопен и плус тоа имаме проценти на вработеност.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Колку што го разбрав премиерот, значи Владата не планира да донесе закон за употребата на знамињата на националностите, дотолку повеќе што се повикува на Уставот, а ставот на Уставниот суд по тоа прашање е јасен, значи, нема да има закон за употреба на знамињата на националностите.

Второ, околу невработеноста, не знам по кој пат го слушам премиерот да се повикува на податоци на Заводот за платен промет. Кога зборуваме за бројот на невработени, не може да биде никаков аргумент бројот на евидентирани вработени кои примаат личен доход преку Заводот за платен промет. Ние зборуваме за бројот на невработените. Исклучив орган кој води евиденција за бројот на евидентирани невработени лица е Заводот за вработување на Република Македонија преку кој се снабдува со податоци и информации Заводот за статистика и врз основа на кој се мери стапката на невработеноста. Јас зборувам за невработеноста. Тоа е едно.

Второ, што се однесува до цифрите, еве нека бидат точни тие што господинот премиер ги истакнува. Моето прашање беше, што е со програмата на Владата за разрешување на проблемот на невработеноста, каде се ветувањата за вработување на 10.000 социјални случаи во првите три месеци, каде се ветувањата за вработување, односно намалување на стапката на невработеност на 24%, 17% итн. Што превзема Владата во овој смисол? И јасен ми беше одговорот, премиерот сам призна дека стапката на невработеност од ден на ден, од месец во месец, рапидно расте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине премиер, дали имате коментар во однос на ова?

**ЉУБЧО ЃОРЃИЕВСКИ:**

Не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Петар Гошев има пратеничко прашање.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине прв министер, почитувани колешки и колеги, ќе поставам само две прашања, иако има многу.

Првото прашање е во врска со институтот референдум за предвремени избори. Во 1996 година со господинот Ѓорѓиевски поддржавме една граѓанска иницијатива за предвремени избори врз основа на уставното решение кое што дозволуваше и дозволува, истиот Устав е, врз основа на 150.000 потписи Парламентот да се обврзе да распише референдум на кој што граѓаните ќе се изјаснат за предвремени избори. Тогаш и јас и господинот премиер сметавме дека Уставот го дава тоа право, го браневме тоа пред Парламентот, бевме одбиени со политички став, тоа беа нашите оценки и потоа бевме одбиени се разбира повторно со политичко влијание од страна на Уставниот суд. И сега го поставувам следното прашање. Дали господинот Ѓорѓиевски и денес мисли дека бевме во право во 1996 година кога го баравме тоа. Јас мислам дека бевме во право, бидејќи Уставот го бараше тоа и целото ова

парламентарно мнозинство мислеше дека бевме во право и дали господинот премиер сега во оваа ситуација, држејќи го тоа мислење, ако не го променил, би се согласил врз основа на граѓанска иницијатива од 150.000 потписи собрани на истиот начин да прифати обврска да се заложи ако се соберат тие 150.000 потписи, неговата пратеничка група овде во коалицијата да се заложи Парламентот да донесе одлука за распишување на референдум на кој што граѓаните би се изјасниле дали се за предвремени избори, или не се. Прашањето не е само правно сега, јас не го поставувам од правна гледна точка, може повторно некои правници да се најдат со вакви, или онакви мислења, прашањето е сега морално етичко. Сме браниле една позиција цврсто убедени дека Уставот ја дозволувал таа позиција. И би сакал да го слушнам господинот премиер во врска со тоа прашање.

Второто прашање, јас лично не сакав овде пред Парламентот да го поставувам од длабоки емотивни причини. Се однесува на убиството на четворица граѓани на Република Македонија од страна на Кристијан Вестли, норвешки капетан во КФОР. Прашањето може да се постави да речам и пред Владата и други министри, меѓутоа поставувам прашање до премиерот затоа што сепак се работи за министер. Премиерот ги предлага, предлага да се разрешуваат итн.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение)

Го поставувам прашањето заради тоа што семејството Стојковски е апсолутно незадоволно од она што се одвива на линија на утврдување на вината на човекот кој што ги усмрти овие луѓе од семејството Стојковски и возачот Воислав Павлов, значи четворица убиени граѓани и би сакал да слушнам од премиерот еден одговор во смисла на следните прашања. На ова инсистира семејството, семејствата кои се буквално разнебитени.

Врз чија конкретна одлука беше пуштен да замине возачот на возилото на КФОР од земјата? Тие сакаат да знаат конкретно кој донесе таква одлука, затоа што прописите, и деновиве можевме да прочитаме, се толкуваат и малку поинаку, и тоа е пуштен пред да истече притворот од 60 дена.

Второ, како дојде до тоа ова дело да биде преквалификувано од "тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот", според член 300 од Кривичниот законик на РМ, кој што го утврди Обвинителството на Република Македонија, во дело квалификувано како "сообраќаен прекршок, со можна казна затвор до 1 година или некоја парична казна".

Дали Владата и премиерот смета дека направила доволно за својот министер, неговото семејство, возачот случајот да добие заслужен правен судски епилог, односно убиецот на четирите лица да биде соодветно казнет. Дали смета дека е добро и доволно што случајот го препуштила да го следи и презема мерки, со некои активности, преку еден млад човек, кој го знам и почитувам, но речиси приправник во Министерството за правда, кој дава изјава дека тој - изјавата не може да биде и не во име на Министерството кога ја дава помошник или заменик министер, помошник министер ми се чини, дека биле благо разочарани од преквалификацијата на евидентното кривично дело во сообраќаен прекршок. "Благо биле разочарани", изјава . Замислете како се чувствуваат семејствата.

Дали Владата после овие шокантни вести за преквалификација на делото и шокантни и крајно невкусни изјави за таканаречената блага разочараност на претставникот на Министерството, а со тоа и на Владата, за оваа нова правна квалификација на овој злочин, има нешто заклучно, расправано, што планира да преземе во врска со тоа како Влада, заедно со надлежните органи за тоа итн., или лаконскиот одговор дека тоа е препуштено на законодавството на соодветната држава, што апсолутно не е доволно. Така не се бранат интересите.

Дали адвокатската куќа што е ангажирана ... - (реакции од некои пратеници во салата) - ќе сакате да ме истепате вие нешто, ми се чини? дајте ве молам, зборувам за сериозно прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам г. Гошев не влегувајте во дуел, поставете го прашањето, бидејќи и други чекаат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тогаш вие влезете во дуел, претседателе, дали адвокатската куќа што е ангажирана во Норвешка е платена од страна на Владата за преземените дејства, дали Владата смета дека таа адвокатска куќа треба да дојде овде во Република Македонија и самата на лице место да види што и како се случило и дали смета

дека преку јавниот обвинител на Република Македонија треба да инсистира соодветниот обвинител на Кралството Норвешка да дојде овде и да ги види на лице место околностите под кои што се усмртени овие четворица луѓе.

Семејството, должен сум да пренесам, е крајно разочарано, и не само тоа, од односот на надлежните органи во утврдувањето на одговорностите за усмртување на четирите лица. Сметаме дека никој нема право животот на граѓаните на Република Македонија да го третира толку безвредно, како што сега го прават и луѓето од КФОР и сите други надвор, а ние сепак мислам дека не го правиме тоа што треба да се прави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Петар Гошев.

Има збор г. премиер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво, што се однесува на забелешката на пратеникот Гошев дека сака повеќе прашања да постави, јас морам да кажам дека, и покрај ограничувањата, немам ништо против и повеќе прашања да постави пратеникот Гошев, така што ако има желба може и другите прашања да ги постави, за да не излезе дека му го скратуваме правото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине премиер, и друг список имаме овде, така што мораме да го почитуваме ограничувањето. Во друга прилика ќе може.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сакам да истакнам дека секогаш со задоволство ги слушам прашањата и коментарите на пратеникот.

Првото прашање за референдумот и за слободната иницијатива и се она што следува со тоа, јас морам уште еднаш да потенцирам дека Македонија е високо демократска држава. Тука сигурно како аргумент сакам да ја спомнам и последната одлука на Советот на Европа, каде што навистина добивме едно големо признание за таа наша позиција со симнувањето на мониторинг - системот, така што како држава со стекнат имиџ на демократска атмосфера едно е јасно дека ние како Влада ја поддржуваме секоја слободна иницијатива на граѓаните на Република Македонија, па дури кога има своја политичка позадина. Доколку партијата или група партии кои денес се во опозиција сметаа дека тоа е добра работа, јас мора да кажам дека навистина ќе ми биде задоволство да видам како се собираат тие потписи за една иницијатива во Република Македонија. Би ја поздравил таа активност, можам да гарантирам дека буквално никаков проблем нема да има, дури, ако сака можеме да им дадеме простор за агитација на таа идеја. Во принцип, идејата за собирање потписи за предвремени избори како граѓанска иницијатива е една многу добра идеја и би го поддржал пратеникот Гошев да почне со една таква иницијатива. Што ќе бидат одлуките понатаму, јас тоа не можам да го прејудицирам како премиер на Влада од повеќе причини, затоа што има Устав на Република Македонија, има закони. Се сеќавам дека претходната власт некои закони ги менуваше во таа насока. Точно не се сеќавам на промените кои се внесени во Законот за референдум, меѓутоа, кога ќе ја добиеме иницијативата, кога ќе се соберат тие 150.000 потписи, гарантирам дека со една голема отворена желба ќе седнеме и согласно Уставот и законите кои се однесуваат на таа сфера ќе ја разгледаме иницијативата.

За второто прашање, прво правно - формалниот дел, кој содржеше 5-6 прашања, морам да кажам дека не се чувствувам доволно информиран за да дадам усмен одговор на сите тие 5-6 прашања што беа поставени во правно - формалниот дел на прашањето. Тука можам да кажам дека ќе дадеме максимално сериозен писмен одговор. Меѓутоа, во тој правно - формален дел само сакам да кажам дека тешко ми паѓа ако се потценува на ваков начин иницијативата и залагањата на Владата кои ги прави овој случај да биде завршен и правно - формално, при што јас морам да кажам дека ги користиме максимално сите механизми и никој овој случај во Република Македонија не го заборавил.

Во истата таа ситуација, сакам да го потенцирам фактот дека ваква ситуација не е исклучок само за Македонија. Ќе ве потсетам дека минатата година кога еден војник на НАТО во еден таков инцидент усмрти 24 војници односно граѓани на Италија во еден скијачки центар, војникот исто така беше автоматски пренесен во Америка и одлуката беше ослободување од кривичното дело.

Значи ова што денес се случува не е нешто што е исклучок за Македонија, туку е нешто што за жал така

функционира во тој однос меѓу НАТО и државите каде што тие се домаќини.

При тоа, сакам уште еднаш да потенцирам дека договорите за меѓусебното однесување и статусот на војниците и старешините на НАТО не е потпишан од оваа Влада туку е потпишан од претходната Влада. Во моментот кога претходната Влада ги потпашувала тие релации, требало навистина малку посериозно да ги согледува ситуациите за кои можело да настанат некои инциденти.

Исто така, можам да потенцирам дека тоа е меѓународниот кодекс, меѓутоа, најмалку значи некое наше повлекување. Напротив, до крај правно -формално како држава ќе ги тераме сите работи а конкретните одговори на конкретните прашања пратеникот Гошев ќе ги добие писмено.

Меѓутоа, бидејќи пратеникот Гошев се обиде малку овој настан театрално и емотивно да го прикаже, би сакал да додадам нешто исто така емотивно. Мене ми е мило што пратеникот Гошев сега има една ваква загриженост за нашиот министер, меѓутоа, морам да спомнам една работа. Десет дена пред смртта на нашиот министер, тој беше секојдневно под еден жесток притисок на неговата политичка партија и на неговите лидери да си даде оставка од местото кое тој го имаше како министер. Во тој период, министерот најголемите пријатели и најголемото друштво го имаше исклучиво со министрите на Владата на Република Македонија и секој ден го поставуваше прашањето зошто ми го прават тоа од мојата партија, зошто ме тераат со сила да излезам од Владата на Република Македонија. Тоа е во поглед на емоциите кои сакаше да ги пласира пратеникот Гошев.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Петар Гошев, две минути имате право на коментар на излагањето на премиерот.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Во врска со првото прашање за референдумот, од одговорот на премиерот констатирам дека тој не е подготвен да го држи истото мислење како што го имал 1996 година, затоа што сега не упатува на Устав, Закон за референдум, други закони итн. Прашањето беше конкретно дали под истите услови е подготвен да поддржи иницијатива за собирање 150.000 потписи, под истите услови под кои ние тоа го правевме 1996 година. Инаку, немам намера да тренирам собирање на потписи, тоа го правевме 1996 година заедно со него. Значи, прашањето е дали го држи истото, бидејќи ако не е така, уште еднаш се потврдува дека функционерите во Македонија се најмалку двојни личности, едно зборуваат кога се во опозиција и прават друго кога се на власт. Се разбира, има право премиерот да го промени мислењето, да не го држи тоа мислење, а јас сакав да го прашам дали го држи тоа мислење. Тоа беше намерата.

Во врска со второво прашање, мислам дека не е добро премиерот да не е доволно информиран за се што се случува во врска со усмртувањето на министер, на неговото семејство, на возачот итн., и јас му сугерирам под итно да го постави прашањето на Владата, да се информираат добро и да преземат се што треба.

За емотивноста да не говорам, апсолутно не е точно дека во тоа време партијата му вршела притисок или некои луѓе, да си поднесе оставка, бидејќи тогаш кога тоа се случи, до тогаш партијата немаше став за напуштање на коалицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Петар Гошев.

Во врска со тоа, инаку, г. премиер изрази спремност за правните и другите детали во врска со вашите прашања и писмено да добиете информација.

Господинот Замир Дика сака да го изрази ставот на ДПА.

**ЗАМИР ДИКА:**

Не се работи за тоа дека немаме прашања, но нашите прашања од пратеничката група на ДПА ќе им ги поставиме на министрите после оваа нова институција што сега се наметна и му благодарам на премиерот што одлучи сам да одговара на прашањата. Од куртоазија ќе се воздржиме од поставување прашања на премиерот и ќе и оставиме простор на опозицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. Чедомир Краљевски од ВМРО-ДПМНЕ.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, премиере, министри, во духот на институтот пратеничко прашање и ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ се одлучивме овој пат во овој круг да не поставуваме прашања, тоа право да и ги препуштиме на опозицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, добро е тоа, тоа е коректно.

Од името на ДА има збор г. Илија Прангоски, имаме само еден пратеник од ДА што ќе постави прашање.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Почитуван г. претседателе, господине премиере, министри на Владата, колеги пратеници, исто така се приклучувам кон мислењето на г. Замир Дика за воведувањето на новиот институт, практично одговарање на пратенички прашања од премиерот и сакам да истакнам еден позитивен однос кон оваа работа.

Деловничкото пратеничко право сакам да го искористам и да му поставам на премиерот две прашања.

Првото прашање е: до каде се активностите околу изградбата на слободната економска зона Бунарџик.

Прашањето го поставувам поради се побројните шпекулации, информации и дезинформации во јавноста дека наводно од изградбата на Бунарџик нема ништо. Според мои информации, динамиката на активностите за и околу слободната економска зона се засилува се повеќе. Топографскиот премер на земјиштето, изведен од Геодетската управа на Република Македонија е завршен на 23 март 2000 година. На самото место се изведени некои прелиминарни работи, а испитувањето на земјиштето изведувано од "Пелагонија" - Геотехника требаше да заврши на 31 март 2000 година. Во изградба е и привремената ограда за која е задолжено Градежното претпријатие "Макаус" и се очекуваше првите 100 метри да бидат завршени во почетокот на април месец. Затоа и го поставувам ова прашање, со барање од г. премиер на еден осврт и во смисла на тоа каква е динамиката, што значи тоа во обем на фирми што ќе бидат застапени во слободната економска зона, број на нови вработувања и очекувани економски ефекти.

Второто прашање е во врска со проблемот на осум проценти на пензионерите. Што презема Владата на Република Македонија да ја реализира одлуката на Врховниот суд од јуни 1999 година, а во смисла на изнаоѓање на начини и средства за исплаќање на заостанатиот долг од 8% од 1.01.1995 година, на пензионерите за период од, досега веќе изминати 58 месеци. Според информациите се работи за износ од околу 200.000.000 германски марки, или 6 милијарди денари кои државата Македонија, сегашната Влада им ги должи на пензионерите.

Исто така е познато дека во рамките на иницијативата за решавање на овој проблем на пензионерите, од Владата на Република Македонија тие имаат доставено или поднесено од јуни или август 1999 година предлог - текст на закон со кој меѓу другото предлагаат исплата на овие средства на неколку начини и во неколку фази. Сакам да истакнам во оваа прилика дека овој долг на пензионерите е стар долг, некаде од 1993 година, односно е долг од старата Влада. Новата Влада успеа да најде и начин и средства тие 8% да им се исплатуваат на пензионерите, почнувајќи од септември 1999 година со што исполни едно од своите предизборни ветувања. Така, на крајот од прашањето, што прави Владата да го исполни и ова ветување, но и да ја спроведе одлуката на Врховниот суд на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Прангоски. Молам г. премиер дали е подготвен да одговори.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Што се однесува до првото прашање за изградбата на слободната зона,можам да кажам дека активностите веќе се во интензивна фаза. Префрлени се еден милион долари за градежните работи на самата слободна зона, така што верувам дека за релативно кратко време ќе можеме да кажеме дека основните услови за функционирање на слободната економска зона ќе бидат ставени во функција и ќе можеме да ги повикаме првите фирми кои ќе сакаат таму да учествуваат. Така да мислам дека тука работите се движат во еден, навистина, активен правец.

Што се однесува до второто прашање за долгот од 200 милиони марки спрема пензионерите, јас сакам уште еднаш да потенцирам дека покрај многуте долгови кои ги затекнавме од претходната Влада, го затекнавме и овој долг од 200 милиони марки, при што јас ќе го истакнам моментот дека оваа Влада многу активно се вклучи во одлуката 8% да станат актуелна обврска од моментот, ми се чини веќе од пред 7-8 месеци, така што тој момент активно со својата пензија пензионерите ќе си ги добиваат овие 8% зголемување на своите пензии.

Што се однесува до затекнатиот долг ние како Влада јасно кажуваме дека го признаваме тој долг како држава спрема пензионерите, жал ми е што претходната Влада го направила тој долг, меѓутоа заради стабилноста и интегритетот на државата ние мораме да ги плаќаме тие стари долгови од претходната Влада. Во тој правец Министерството за труд и социјална политика подготвува закон, кој верувам, ќе ги задоволи пензионерите кои , повторно ќе се обидеме тоа да биде на реални извори од страна на државата, односно извори кои, верувам, прво ќе ги задоволат пензионерите, меѓутоа во една долгорочна патека.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на премиерот.

Дали г-динот пратеник Илија Пранговски е задоволен од одговорот.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Задоволен сум од двата одговори. Му благодарам на г-динот премиер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Г-ѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Ме интересира Тајванското прашање од еден друга аспект и затоа би сакала да му го поставам на г-динот Георѓиевски, премиерот на Владата следното прашање.

Прво една мала констатација.

Ви требаше повеќе од година дена Г-дине Ѓеорѓиевски да разберете дека она што СДСМ и целата македонска јавност го тврдеа уште од самиот почеток, а тоа е дека воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван е авантуризам без преседан. Сепак застанавте цврсто зад овој проект и овде во Собранието го прогласивте за голема шанса за Македонија односно за покачување стандардот на граѓаните во Република Македонија и притоа ја изразивте следнава готовност. Ќе го цитирам она што сте го кажале, од стенографските белешки, од Дванаесеттата седница:

"Најверојатно ако не успееме во тој проект, како секоја одговорна Влада ќе си заминеме ако видиме дека резултатите не се тие што ги очекуваме".

Со оглед на тоа дека не се, а и со оглед на една Ваша неодамнешна изјава што исто така сакам да ја цитирам, а гласи вака:

"Тајван е големо разочарување и е завршена приказна". Затоа неминовно се поставуваат следниве прашања:

Дали Вашата Влада и дали Вие Г-дине Георѓиевски имате намера да ги понесете последиците односно одговорноста од овој штетен чин за Република Македонија.

И второто прашање Г-дине Георѓиевски е дали Владата на Република Македонија има намера да ги поправи односите со Народна Република Кина.

Сакам да коментирам дека задоволство е за мене што Вие ја сфативте својата заблуда, со што станавте претпоследниот човек во РМ што го прави тоа. Последниот, се разбира, е уште г-динот Тупурковски.

Второто прашање што сакам да Ви го поставам Г-дине Георѓиевски се однесува на нашите односи со Република Бугарија.

Вие го ставивте својот потпис на Декларацијата за пријателство со Република Бугарија, со што македонскиот јазик го сведовте на уставна категорија и дејствувате во спротивност со членот 49 од Уставот на РМ, членот во кој се изразува потребата од грижа на нашата земја за малцинствата што живеат во соседните земји.

На оваа однапред декларирана позитивна енергија, како принцип во надворешната политика на Вашата Влада, нашиот сосед Бугарија Ви одговори, после една година со укинување на политичката партија, односно забрана на политичката партија на Македонците во Република Бугарија ОМО Илинден - Пирин. Вашата Влада не реагираше на овој потег. Вие дадовте една загаточна изјава која што може секако да се толкува, имено дека ќе сфатиме што сме имале дури тогаш кога тоа ќе го изгубиме. Од друга страна коалициониот партнер во Вашата Влада, г-динот Џафери кој што има, гледаме, разни балкански мисии, очигледно имаше мисија и во оваа ситуација, па во телефонскиот разговор со бугарскиот премиер ги дефинираше легитимните протести на македонските граѓани по повод забраната на ОМО Илинден - Пирин како вештачко предизвикување криза во македонско - бугарските односи.

Во меѓувреме државната реакција со висока тежина беше изведена во ова Собрание и тоа на иницијатива на Пратеничката група на СДСМ, а тоа беше, Г-дине Ѓеорѓиевски декларацијата за заштита на правата на членовите на ОМО Илинден - Пирин која во суштина го изразува

спротивниот дух од она што Вие го изразивте во декларацијата за пријателство со Бугарија.

Во членот 3 од оваа резолуција или декларација, Собранието ја повикува Владата на РМ да преземе дипломатски активности во насока на поддршка на правата на членовите на оваа партија.

Прашањето што сакам да Ви го поставам Г-дине Ѓеорѓиевски е што Вашата Влада презеде во таа насока, во насока на дипломатски активности за поддршка на правата н членовите на партијата 0М0 Илинден - Пирин во Бугарија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на Г-ѓата пратеник Илинка Митрева.

Го молам премиерот да одговори на овие прашања.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Што се однесува до првото прашање јас можам да го одговорам следното:

Точно е дека економската сатисфакција од односите со Тајван не се на соодветно ниво што ние ги очекувавме. Меѓутоа, во исто време можам да кажам пак дека ние добивме една политичка сатисфакција. Вие неодамна слушнавте дека Европскиот парламент препорача да се подигнат односите на релација Европа - Тајван. Така што очигледно тука имаме една мала политичка и економска сатисфакција која целата оваа ситуација не ја прави толку трагична колку што сакате Вие да ја претставите.

Во истата таа насока Вие го поставивте прашањето дали сакаме добри односи со Кина.

Република Македонија и оваа Влада никогаш не кажала дека сака лоши односи со НР Кина. Напротив ние сакаме добри односи со НР Кина, ние сме подготвени на секоја комуникација што они сметаат дека треба да ја имаат со РМ. Ние во ниту еден момент не кажавме дека ова го правиме за да имаме лоши односи со Кина или нешто спротивно да водиме со неа. Напротив и тогаш и денес изразуваме подготвеност максимално нашата политика да соработува на било која основа. Впрочем јас ќе Ви кажам класичен пример е проектот Козјак. Проектот Козјак не е прекинат, кинески делегации доаѓаат овде комуницираат. Тоа е еден добар момент каде ние многу јасно кажуваме дека и понатаму сакаме да ги имаме тие добри односи. Така што во тој поглед, во овој момент немаме некоја посебна намера нешто да менуваме, со еден јасен факт кој се гледа дека ние постојано инсистираме економската соработка да се максимализира.

Што се однесува до второто прашање, односите со Бугарија, Вие спомнавте тука два елементи. Прво односот на Владата спрема потпишувањето на декларацијата на македонски јазик, според Уставот на РМ и на бугарски јазик според Уставот на Република Бугарија.

Јас уште еднаш само ќе потенцирам дека ние го потпишавме овој договор врз основа на една формулација која ја најдовме во архивите на Министерството за надворешни работи. Тука имате, ми се чини еден министер кој бил во тоа време министер за надворешни работи и ако е чесен може да Ви го одговори тоа уште еднаш, дали таа формулација ние навистина ја најдовме во архивите, или пак стварно сме ја измислиле. Меѓутоа јас длабоко Ве убедувам дека по таа формулација е преговарано од страна на СДСМ и веќе договорите биле прикрај. За жал тогашниот претседател на РМ ги прекинал разговорите, по што настанал комплетен застој на тие преговори. Така што СДСМ може само да жали што немала храброст, еден мал чекор, како и за многу други работи, за да ги добие тие поени, конечно да го добиеме тој документ што Република Бугарија го признава македонскиот јазик. А дека работите може да ги гледа кој како сака, понекогаш , еве , и на штета на интересите на Македонија, ќе ми дозволите да го цитирам најновиот извештај на Советот на Европа. Тоа е извештајот со кој е укинат мониторингот на Република Македонија. Вие имате таму претставници кои можат да Ви го достават овој извештај, претпоставувам дека веќе го виделе.

Член 31 од овој извештај, во пофалба на добрите односи и добрата надворешна политика на оваа Влада вели вака:

"Неколку економски договори беа заклучени со Бугарија, вклучувајќи ја и декларацијата за добри односи и пријателство, потпишана на 22 февруари 1999 година, признавајќи го од страна на Република Бугарија македонскиот јазик".

Значи, дами и господа пратеници кои толку многу сте заинтересирани за некои национални интереси, не ми е Јасно до ден денеска како цела Европа во тој договор може да види дека Бугарија го признава Македонскиот јазик, а Вие не можете тоа да го видите. Еве членот 31 е многу јасен и прецизен. Европа јасно кажува дека во таа формулација гледа дека Бугарија го

признава македонскиот јазик. Мене ми е навистина гордост и јас кога можам да кажам дека оваа Влада на РМ позитивно, во интерес на РМ реши еден проблем кој со години се влечеше во дипломатијата меѓу овие две држави. Дури го замолувам Министерството за надворешни работи ако може на сите пратеници да го достави и целиот извештај, или ако сака посебно член 31 каде што Европската Унија јасно препознава дека во тој договор конечно е признаен македонскиот јазик.

Што се однесува до второто потпрашање за малцинствата, јас ќе покажам следново:

Точно е дека е направен еден несакан чин неодамна од страна на Бугарскиот Врховен или Уставен суд, не се сеќавам добро, при што уште еднаш ќе потенцирам дека тоа не е политичката волја на владините структури во Република Бугарија, туку тоа е одлука на судските инстанции во Република Бугарија. А како едно дополнување сакав да Ви кажам дека судските власти кои ја донесувале одлуката во мнозинство, се уште луѓето се поставени од претходната Влада, некои слични параметри имаме, така што тука може да се дискутира за политичка волја и да се дискутира за судска волја. Тоа е првата работа.

Втората работа која исто така не сакам да биде потценета ниту пак заборавена е дека по потпишувањето на фамозниот договор кој Г-ѓата пратеник го спомнуваше, настапија неколку работи во Република Бугарија.

Прво имавте, после тоа, од време на време регистрирање со политичка волја на партијата која денес е проблематична односно е забранета. Во исто време имаше настапување на локалните избори на кои таа партија активно учествуваше и освои серија на советници и претставници во таа локална власт, и кметови ми се чини, двајца - тројца.

Во исто време весникот на чист македонски јазик, литературен македонски јазик ми се чини весникот се вика "Народна волја", активно се печати и се продава на трафиките во Бугарија, вклучувајќи го Пиринскиот дел, Софија и сите градови во Бугарија.

Сега јас тука сакам да го поставам прашањето. Имено не се сеќавам точно кога опозицијата во РМ го поздрави чинот кога беше регистрирана политичката партија 0М0 Илинден во Република Бугарија. Исто така не се сеќавам на чинот кога опозицијата во РМ го поздрави чинот што истата таа партија учествува во локалните избори на еден најнормален начин. Таа иста опозиција се сети дека 0М0 Илинден -Пирин била регистрирана партија со активен политички живот во моментот кога судот требаше да ја забрани. Во истото тоа време ние не слушнавме еден убав збор за релациите кои ги воспоставува оваа Влада и за потезите кои нашите луѓе таму ги добиваат, благодарејќи на доброто пријателство со оваа Влада. Напротив за сето време го имавме истиот тој речник, истата таа терминологија која денес ја имаме и ја препознаваме. Токму во тој контекст јас ја кажав тогаш таа изјава дека за жал некогаш треба нешто да изгубиме за да сфатиме дека воопшто сме го имале. Токму таа ситуација ние ја имаме со 0М0 Илинден - Пирин. Требаше судот да ја забрани таа партија, за да сфатиме колку сме имале кога таа партија била регистрирана таму и активно политички учествувало во политичкиот живот во Бугарија. Инаку овој мој одговор воопшто не треба да се свати како некаков одговор на чинот на забрана, туку напротив заедно со нашата пратеничка група и Владата , како пример тоа го осудивме, меѓутоа, не можам да не укажам на некои аспекти кои, за жал, цело време се потценуваат се минимизираат, или ги истакнуваме во моментот кога ги губиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот премиер.

Две минути имате Г-ѓо Митрева да кажете дали сте задоволни од одговорот.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине претседателе овде ми се поставува од страна на г-динот премиер и прашања, па дозволете, на некои прашања поставени од него ќе морам да одговорам. Не станува збор само за обичен коментар.

Во однос на првото прашање Г-дине Георгиевски, квалификацијата дека ситуацијата во нашите односи со Тајван односно последиците од тој чин се трагични е Ваша квалификација, не е наша. Вие рековте дека е трагична ситуацијата, па не знам каква потреба имате нам да ни го префрлувате тоа.

Второ, постои извесна контрадикција меѓу таа оценка и некомплетниот одговор на второто прашање дека ќе направите се да не се стави сенка врз односите што Република Македонија ги има со НР Кина. Притоа не го кажавте главниот услов кој што го диктира токму таа голема земја која што во минатото се покажа како пријател на Република

Македонија и нејзин поддржувач во меѓународните институции, а тоа е прекинувањето на дипломатските односи со Тајван.

Што се однесува до препораките што доаѓаат од Европската Унија господине Ѓорѓиевски потребно е коректно да ги интерпретирате. Тоа се препораки за извесно затоплување на односите со Тајван, што е комплетно различно од она што го направи вашата Влада, т.е. признавање, односно воспоставување дипломатски односи со Тајван.

Последно, воопшто не сум задоволна од одговорот на првото прашање што ви го поставив во врска со оваа тема а тоа е кој ќе ја понесе одговорноста во врска со штетите што се направени од тој чин.

Имено, сакав да ве прашам господине Горѓиевски дали ќе бидете консеквентни на тоа што го изјавивте на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија дека ако не успее проектот ќе си отидете, ќе ја напуштите Владата.

Сакам да ми одговорите дали ќе го сторите тоа?

Одговорот од комплексот прашања врзани за Бугарија, не сакам да завлегувам во полемика со вас, иако неколку работи сакам да ги истакнам, вие имате ваша интерпретација, онака како што ви одговара, како сакам објективно да ги проценам аспектите на состојбите.

Прво, господине Горгиевски ако се претпостави дека Бугарија е демократска држава, за што ние веќе имаме изразени официјални сомневања. тогаш не знам зошто дејствувањето на партиите на малцинствата во таа земја, како што е на пример 0М0 Илинден би требало посебно да се поздрави. Нормална практика на секоја демократска држава, впрочем вие знаете дека претставници од оваа партија дојдоа на конвенцијата на СДСМ.

Второ, вие денес веќе по) втор пат, а деновиве особено го акцентиравте укинувањето на Мониторингот на Советот на Европа над Република Македонија како чин за демократските состојби во Република Македонија. Како чин на вреднување на демократските состојби и напредокот што оваа земја ги направила во тој поглед.

Прво, да се разбереме укинувањето на Мониторингот е принципиелно прашање и нема врска само со мандатот на оваа Влада, туку претставува следење на ситуацијата и на се она што претходно е направено, така што мислам дека е малку невкусно да си ги берете ловоритите, дотолку повеќе што претставникот од вашата партија како шеф на делегацијата на Парламентарното Собрание на овој Парламент направи потег без преседан. Имено, ја затвори можноста за отворање на дебатата околу употребата на уставното име на Република Македонија во Советот на Европа и тоа го претстави како еден вид на условување на едниот чин со другиот, што е комплетно неточно и можеби тука треба да ви се постави прашање дополнително дали го имал вашиот благослов да го затвори тоа прашање, односно да ја затвори дебатата околу употребата на уставното име.

Трето, вие воопшто не ми одговоривте на оној дел од прашањето кој што се однесува на оној дел од обврските, вклучувајќи ја и вашата партија, мнозинството на ова Собрание ви ги даде во следната насока - да се преземат дипломатски активности во насока на поддршка на правата на членовите на оваа партија.

Тоа е она на што би сакала да ми одговорите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот премиер би сакал да одговори или да одиме на следното прашање.

**ЉУБЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Во поглед на првото прашање околу оставката, за тоа прашање најверојатно ќе размислиме заедно со претходната иницијатива, кога со пратеникот Гошев ќе ги соберете потписите за да можам да ви гарантирам дека ќе седнеме во Владата и ќе размислиме дали да си дадеме оставка. Така што, морам да ви кажам дека вашата сугестија најсериозно ќе ја разгледаме.

Сега не се чувствувам толку подготвен одеднаш, веднаш да ви одговорам на тоа прашање.

Второ, што се однесува до прашањето за проблемите со Бугарија, јас уште еднаш ќе ви повторам.

Мене ми е жал што опозицијата и понатаму продолжува со еден стил таму каде што цел свет нешто го чита буквално и го препознава, таа да чита нешто друго, а таму каде што цел свет нешто друго чита, таа да не успее да го прочита тоа. Ќе ви кажам два примери. Првиот пример, кој веќе ви го цитирав и најверојатно треба уште еднаш да ви го цитирам,членот 31 во Декларацијата на Советот на Европа е толку јасен и не може да биде појасен и ако добри патриоти и како добри заштитувачи на националните интереси наместо тоа да го

издигнеме сите ние и навистина да го претставиме како една историска победа на оваа Влада фактот е многу јасен, многу читлив и многу буквално напишан. "Европската Унија, Меѓународната заедница во тој договор препознава дека Република Бугарија го има признаено македонскиот јазик". Тоа е она што е напишано, буква по буква. Значи, тоа што цел свет го чита, што го пишува и многу јасно го чита не можете да го препознаете, а обратниот пример кој е.

Тоа што цел свет чита дека претходната Влада ја има прекрстено Република Македонија во ФИРОМ и што има дадено согласност во сите меѓународни организации да се вика ФИРОМ, од Обединети Нации, ММФ, Светска банка, преговори со Европска Унија, билатерални односи со сите земји на Европска Унија, Америка, од светски фудбалски организации, ракометни организации, со исклучок на некој мал спорт, како што е пинг-понг, па се пишуваше со недели за тој настан, значи тоа што цел свет многу јасно го пишува и многу убаво го чита опозицијата упорно не сака да го прочита.

Јас само сакам да констатирам дека битката која се обиде да се префрли на пратеникот во македонскиот Парламент околу Советот на Европа е комплетно изместена теза. Прво, битката за името Република Македонија или ФИРОМ ниту се добива ниту се губи во Советот за Европа. Таа беше изгубена многу порано, со јасни ставови и со јасни одлуки на претходната Влада,така што сега да ја префрламе топката дека битката за името ФИРОМ односно Република Македонија некој пратеник повторно "ја продал" во Советот на Европа, мислам дека е еден класичен пример на една врвна хипокризија која можевме да ја читаме и да ја гледаме и во претходниот состав, а и во сегашниот состав на оваа пратеничка група.

Едноставно ние мораме да се соочиме со фактот дека името ФИРОМ е име за кое дава согласност претходната Влада и претходната државна структура и најмалку треба демагошки да се поставуваме дека сега некој таа дупка ја изгубил во Советот за Европа. Таа битка перманентно е изгубена во секој меѓународен договор кој вие го поддржавте и кој го потпишувате на тој начин, а ние како Влада земавме само континуитет затоа што немаме намера да правиме меѓународна изолација на Република Македонија.

Мислам дека ова третото прашање беше добра шанса да одговорам и на некои инсинуации кои постојано се префрлуваат околу овој извештај во Советот на Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓа Илинка, дали сакате писмен извештај или не?

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Јас инсистирам на фактот дека премиерот мене не ми одговори на прашањето околу дипломатските обврски што Собранието и ги упати на Владата.

Второ, зошто е тоа толку важно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во писмена форма.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Прво, да кажам зошто е тоа толку важно, па после ќе се договориме за формата.

Затоа што, пред мене овде стои цитат од две реченици кои што ќе му ги прочитам на господинот Горѓиевски, бидејќи цело време ми вади разни цитати и во кои што се искажува волјата на сегашната држава Република Бугарија од 1997 година, институтот за стратешки проучувања, стратегија за новиот проект и во која што стои следното: "Бугарската држава да му стави јасно и одлучно на Меѓународната заедница и дипломатските кругови за неможноста да се признае постоењето на македонскиот јазик и македонската нација различни од бугарските"

Затоа ме интересира, бидејќи ова е официјален документ кој што потекнува од државата што ние на тој план ќе преземеме.

(Реагирање на пратениците). Може и во писмена форма господине претседателе.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Активностите се превземени ако сакате и писмено ќе ви дадеме извештај за активностите што се превземени од страна на Министерството за надворешни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Азис Положани. (Господинот Благој Ханџиски бара збор). Ќе ви дадам збор и на вас.

(Господинот Ханџиски упорно инсистира да добие збор).

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, јас имам две прашања кои сакам да ги поставам на премиерот, од аспект на облигациите и обврските што Република Македонија ги превземала со затворањето на Мониторингот, а што како обврски

останувaат, а се важни за населението и граѓаните на Република Македонија.

Бидејќи сум и член на Комитетот за екологија, регионален развој и локални авторитети, од тој аспект се и прашањата.

Првото прашање е следното. Какви активности, мислам на законски проекти мисли да превземе власта за остварување на определбата за децентрализација на централната власт имајќи го предвид укажаното во препораките на Советот на Европа за враќање на ингеренциите на локалната самоуправа.

Второто прашање е какви активности превзема Владата за конкретизирање на меѓу граничната соработка во смисла на практичното применување на веќе потпишаните договори за слободен проток на идеи, стока и сл., како и други олеснителни околности во пограничните зони. Пред се мислам на Дебар, Струга, Охрид, Преспа и сл. во смисла на отворање на нови погранични премини во функција на развој на овие подрачја.

Тука веднаш имам сугестија и предлог за реонот на Лабуништа каде што отворање на таков премин би придонело за развој на овој регион.

Другиот дел, активности кои ќе ја конкретизираат оваа соработка преку одредени и конкретни економски, инфраструктурни, трговски и еколошки проекти во функција на имплементација и конкретизација на содржаната соработка во оваа смисла.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Азис Положани.

**ЉУБЧО ЃОРЃИЕВСКИ:**

Прво, што се однесува на политиката на децентрализацијата на локалната самоуправа, Владата на Република Македонија беше подготвена да оди со посериозна децентрализација на локалната самоуправа и за тоа доста сериозно се зборуваше пред три - четири месеци. Меѓутоа, за жал како и на секој други проекти кои навлегуваат во тие сфери одредени структури во Македонија веднаш топката ја префрлија на меѓуетнички план и почнаа темата да ја гледаат само помеѓу етничките релации, така што морам да кажам дека ние малку ретерираме во таа насока, така што во овој момент ќе одиме само со одредени дополни кои ќе одат во насока на децентрализацијата и која верувам дека ќе биде еволутивен пат како да се оди кон таа децентрализација со постепени чекори и постепени мерки.

Значи,веќе за овие локални избори веруваме дека ќе имаме закони кои ќе одат во таа децентрализација, меѓутоа свесни дека овие закони треба да претрпат посериозна промена.

Второто прашање, во врска со меѓу граничната соработка јас можам да ви кажам дека активно се работи на операционализацијата на тие препораки и мислам дека резултатите во таа либерализација во таа меѓу гранична проблематика со вклучување на сите аспекти и подобрување на меѓу гранични премини ќе биде во текот на овие месеци реализирано. Едноставно се работи на тој план.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Положани дали сте задоволни од одговорите?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Првото ми е јасно прашање, но второто прашање ја сум во тек на некои активности што сега се направени во меѓу граничните активности, но биле во рамките на конференции, контакти, на подготвување на некој терен.

Мислам дека овие зони имаат потреба за конкретни активности во смисла на инвестиција на економски објекти и на структурални, еколошки итн.

Од аспект на вашето прашање ќе бидам позадоволен кога такви активности и такви конкретни дејствија ќе се преземат таму кои што ќе ни дадат повеќе право да бидам уште повеќе задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, тоа е повеќе како коментар на одговорот.

Има збор господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ќе поставам две прашања кои се однесуваат на безбедноста на Република Македонија и растечкиот криминал, кој добива и политички димензии.

Првото прашање се однесува на случувањата во Арачиново. Само да потсетам дека господинот премиер изјави дека за него случајот е завршен уште пред месец или два месеци. Деновиве слушаме дека целокупната извршна постапка е вратена назад. Значи ништо не е завршено, обвинение нема, практично нема судска процедура. Кој ќе ја понесе одговорноста за ваквата состојба. Тоа значи дека лично

премиерот, бидејќи рече дека што се однесува до Владата и до неговите ингеренции се е завршено, или ќе ја смени министерката за внатрешни работи доколку таа му давала погрешни, неточни, злонамерни, злобни информации на својот премиер. Значи, прашањето е во врска со ова ново настаната ситуација дали ќе ја разреши министерката за внатрешни работи.

Второто прашање се однесува на големиот преседан во поновата македонска историја, а тоа е размена на криминалец со четворица припадници на Армијата на Република Македонија, особено затоа што би сакал овој пат и премиерот и Владата да се вклучат внимателно, затоа што ги бие некаков малер во оваа смисла - се она на што ние укажуваме како разни случаи, за кои тие немаат поима што се случува, а подоцна се докажуваат како точни. Така откако никој не знаеше што се случува, се констатира дека постои доверливо писмо, а тоа го потврдува и Врховниот суд на Република Македонија, на Основното јавно обвинителство упатено до судот поврзано со загрозеноста на животите на четворица граѓани на Република Македонија, а поради кои Основното јавно обвинителство се согласило да се прифати гемство и да се пушти притвореното лице Џавид Асани. Понатаму, се проблематизира дали е тоа точно.

Меѓутоа, факт е дека постои такво писмо и прашањето е како е можно Основното обвинителство да биде запознаено со овој случај, од каде му се информациите?

Бидејќи ја познавам процедурата, бидејќи бев на чело на тој ресор во минатиот период, тврдам дека основниот обвинител не можел да ја има информацијата за киднапирањето ако не ја добил од највисокиот државен врв. Еве зошто. Процедурата во тоа Министерство е следната, доколку тоа сеуште функционира како сериозен организам на македонската држава. Дежурниот офицер го известува претпоставениот дежурен кој за тоа го известува началникот на Генералштабот а овој министерот, исклучиво министерот. Независно од тоа министерот ја известува и Службата за безбедност доколку независно тие структури добие некакво сознание.

Во вакви случаи министерот за одбрана единствено кој го известува е шефот на државата и премиерот на Владата и никој друг не смее да извести.

Понатаму, премиерот најчесто, меѓутоа може и шефот на државата да одлучи да го извести министерот за внатрешни работи доколку треба да се преземат мерки заедно со Министерството за одбрана, а во некои случаи министерот за надворешни работи, доколку се работи за упатување на нота ако се однесува на случаи кои се однесуваат на некои соседни држави.

Затоа го прашувам господинот премиер дали тој издал наредба за размена на војниците со Џавид Асани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

Повелете господине премиер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво, околу Арачиново. Јас уште еднаш ќе повторам дека според информациите од МВР, случајот полициски е затворен и е предаден во рацете на судските власти. Како оди процедурата понатаму? Што прифатил судот или што не прифатил тоа е веќе друга работа, колку се убедливи доказите и аргументите собрани од МВР, тоа е исто така друга работа.

Едно е јасно дека, според сите оние податоци, според се она што е направено виновниците за убиствата во Арачиново се фатени и во таа насока понатаму е дадено кривичното дело да се развива. Колку докази, какви докази, убедителни или неубедителни докази, тоа е веќе сосема друга работа. Не е Македонија единствената држава и единствениот судски систем и единствената полиција каде што се бараат дополнителни докази односно утврдување на максимална одговорност на оние кои се виновници. Ние имаме дури и признанија од виновниците кои се таму, така што повеќе приказни се исти и на тој начин ние сме дошле преку МВР до својата цел.

Што се однесува, ако нешто и во тие информации не е точно или јас не сум информиран, дали ќе ја разрешам министерката за внатрешни работи, мислам дека на ова прашање нема потреба да се одговара, затоа што воопшто не сум размислувал на таа тема дека треба да се смени министерката за внатрешни работи од повеќе причини.

Прво, затоа што кога се случи тој настан, таа беше министерка едвај 4 или 5 пет дена ако не се лажам. Целата структура под неа и околу неа е онаа претходната на некој начин, а конечно мислам за работата на министерката најмалку може да се суди за 4 или 5 дена нејзина работа, туку мора да се суди

според она што го прави таа во континуитет од неколку месеци. Сметам дека истата таа министерка покажува, заедно со своите соработници, извонредни резултати во својата работа и многу од тие резултати веќе се видливи пред македонската јавност. Сигурно дека она што е пластено во поглед на криминални структури или поврзаност условно на криминалните структури со полициски структури, не може да се расчисти за 1 или 2 месеци, а дека резултатите се случуваат, еве ги. Мислам резултатите можеме да ги следиме секојдневно.

Второто прашање е инцидентот со македонските војници или она што постојано господинот Лазар Китановски како пратеник го повторува за некоја свесна размена на тие заробеници односно киднапирани војници и затвореникот Хасани. Сакам да потенцирам неколку работи.

Прво, стојам за инцидентите односно зад извештаите, кои во рамките на своите надлежности ги има дадено министерот за одбрана од една страна и министерот за правда од друга страна. Тие ви се достапни ми се чини и усно и писмено нивните информации. Можам да дискутирам за нив поединечно.

Прво, како инцидент на киднапирање на војници.

Второ, ако постои инцидент, иако формално - правно тука нема простор да се коментира тоа како инцидент, пуштањето на затвореникот Хасани под кауција.

За вториот инцидент, како сам по себе, јас само ќе повторам една работа. Во времето на СДСМ ние имавме многу слични ситуации, дури и подрастични, каде што не луѓе обвинети за обид убиство, туку убијци, класични убијци беа пуштени од затворите и потоа побегнуваа. Овде имаме драстично помала ситуација, затоа што инцидентот на Хасани бил некаде пред 2 или 2,5 години во обид на некое убиство. Така што, многу е тешко да бараме некоја чистина во правниот систем од луѓе кои вие знаете убија човек во центарот на Скопје, после еден месец убиецот беше пуштен, замина во странство и до ден денеска не знаеме каде е. Имаше уште два - три такви драстични ситуации, каде што убијците беа со кауција пуштани, а овде зборувам за многу помало кривично дело. Тоа е како посебни инциденти.

Сега, бидејќи цело време се одговара, се разговара во хипотези, јас ќе се обидам да одговорам во хипотези.

Прво, првата хипотеза дека оваа Влада свесно ги пратила војниците таму да бидат затворени, за да можат потоа да бидат трампени и разменети со затвореникот Хасани. Јас можам најодговорно да кажам, дами и господа, малоумен е оној кој смета дека оваа Влада влегла во таква комбинација. Свесно ги пратила своите војници, па потоа правела трампа. Тоа е класична малоумност, извинете на овој збор, меѓутоа, навистина вакви комбинации едноставно ми е веќе преку глава да ги слушам и да ги читам.

Втората хипотеза, да претпоставиме, како што вие го поставувате прашањето, има и многу коментари, дека македонските војници биле киднапирани со цел од таа отпадничка група или терористичка група да бидат киднапирани односно разменети со затвореникот во македонскиот затвор. Да ја поставиме хипотезата вака. Дека навистина тоа се случило и дека, да речеме, во неделата вечер македонскиот државен врв добил ултиматум дека ако за 24 часа не го пуштат затвореникот Хасани, 4-те војници ќе бидат убиени и нивните тела ќе бидат предадени на македонската Влада како закана на таа одметничка група на Косово.

Ви го поставувам прашањето, како требало да реагира македонската влада ако имаме таква ситуација ние во РМ? Дали, дами и господа, вие ќе бевте порадосни ако државниот врв во една таква претпоставена ситуација рекол не, не го предаваме затвореникот и дали вие ќе бевте посреќни ако ние навистина имавме проблем со една терористичка група ако ние навистина имавме проблем со закани и ултиматум и дали вие ќе бевте посреќни и позадоволни ако ние имавме 4 војнички трупови во РМ.

И, повторно, друго хипотетичко прашање, односно хипотетички одговор. Што е тоа што македонската влада можела да го направи. Јас ќе спомнам дека Македонија не е Америка, па да изврши воена интервенција и да направи блокада преку ООН, туку Македонија е Македонија со своите сили, со своите способности и со својата волја. Во таа насока еве ви го хипотетичниот одговор на вашите хипотетични анализи, кои цело време се вртат во јавноста и јас уште еднаш ќе кажам. Јас сум навистина на

некој начин, можам да кажам, задоволен што денеска ние имаме 4 војници живи во РМ, 4 војници на кои ништо не им фали и имаме ситуација каква што ја имаме во РМ.

Инаку, едно е јасно дека вие имате сериозен извештај и од Министерството за одбрана и од Министерството за правда.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот премиер.

Господинот пратеник Лазар Китановски, ќе ве молам за ваше изјаснување.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не сум задоволен и да им објаснам на пратениците, бидејќи премиерот не им објасни околу Арачиново нема материјални докази, нема обвинение. Значи, повторно сега ќе бараат докази господата, а да не зборуваме за тепање на пратеници, за изборните легитимации, ете како работи вашето министерство. Дури и не барав и не очекував г-ѓица Димовска тој да ја смени, фала Богу. Меѓутоа, потврди дека во тоа Министерство не се работи серозно.

Околу второто прашање, конечно, добивме признание дека државниот врв учествувал во размената. Сега веќе тоа не се хипотези само  би му укажал на господинот премиер да ги прочита извештаите на своите служби малку повнимателно, за да се не се случи да ги читаме после ние, да ги дознаваме преку новинарите, каде што се спомнува размена.

Понатаму, војниците се ослободени околу 7,00 часот, а Џавид Хасани е ослободен во 16,30 часот. Ако немало размена, каква била потребата да се праќа писмо до Основниот суд да се пушти Џавид Хасани, заради безбедноста на војниците. Па, тие веќе биле во Македонија. Што значи дека постоел претходен договор да се реализира сето тоа, да бидат ослободени како услов за да се ослободи господинот Џавид Хасани.

Сакам да поставам едно многу сериозно прашање. Дали тоа значи дека се дава чесен збор на криминалци - терористи? Повторувам. Војниците биле во РМ а потоа е пуштен Џавид Хасани. Значи, биле тука, безбедни. Дали Владата, премиерот е свесен дека повеќе ќе нема кривични постапки против криминалци, бидејќи тие го знаат рецептот. Утре може да киднапираат пратеник, не дај Боже министер, и не дај Боже, еве, на пример, премиерот го киднапираат. Сега, која цена треба да ја плати РМ за премиерот Љубчо Георгиевски. Тука ќе има дебата и некој ќе рече дека треба да се плати, некој не треба да се плати, па можеби треба да одиме на референдум, па да собираме потписи како што вели премиерот за избори, ќе треба да собираме потписи за да видиме сега кој е ставот на граѓаните. И тука ќе имаме сериозни политички проблеми. Затоа, мислам дека, не барам никаков писмен одговор, бидејќи знам што ќе следи во писмениот одговор. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние, господине Китановски, за ова имаме и расправа сега во продолжение на седницата, ќе ја имаме и интерпелацијата на министерот за одбрана и овие прашања ќе ги подрасчистиме.

Свој коментар има господинот премиер Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Пратеникот Лазар Китановски може да биде задоволен или не задоволен од одговорот, впрочем какво и објаснување да му се даде, тој сигурно ќе е незадоволен, меѓутоа, еден мал коментар на неговиот коментар.

Дали тоа значи дека веќе може да им се верува на криминалните луѓе на збор, дали тоа ќе значи дека ќе има пуштање или не. Јас повторно одговарам со она што вие го оставивте како наследство во правниот систем, дури и законско.

Посебниот проблем на пуштањето на затвореникот Хасани е индивидуален чин за кој постојат комплетно законско правно формални покритија, каде што кауција може да се пушти затвореник од истражниот суд односно од притворот. Сега, дека тоа не е преседан во Македонија веќе ви спомнав пример, убијци, а овде имаме случај на обид за убиство, убијци, извесниот Аце Циганот со извинување на прекарот, во центарот на градот направи убиство. После 30 дена вие тој затвореник го пуштивте со истиот тој закон и со истата таа форма и едноставно човекот денеска го нема во Македонија. И уште два - три такви примери, сега да не ги потсетуваме примерите, така што таа пракса, дами и господа, и формално и законски вие ја воспоставивте во Македонија. Така што, тоа е проблем кој можеме да го дискутираме посебно сам за себе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот премиер.

Само ќе ве молам, дали сакате во писмена информација или усно да ви се одговори.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Молам кратко. премиерот треба да си најде подобар министер за правда, кој ќе му каже, да порано постоеше уставна определба од притвор од 30 дена, така што тие случаи се однесуваат кога судовите не можеа повеќе да ги држат. Па, се направија промени во Уставот и сега тој рок е подолг. Така што, ова нема никаква врска со тоа што го зборува премиерот. Ве молам, господине премиере, да имате министри кои ќе ве подготват за вакви стручни одговори. Не ви замерувам вам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дали може господине претседателе, на одговорот на прашањето што го постави Лазар Китановски на премиерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, само ваши прашања ќе ве молам.

Само ваши прашања, тече времето, гледам овде само 5 минути.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За првото прашање што беше тоа беше чиста демагогија, морам тоа д го кажам. Тука нема ништо со вистината со случајот Арачиново.

На 29 февруари оваа година до претседателот на Владата на РМ, г. Љубчо Георгиевски испратив барање, со кое барав информација во врска со застапеноста на албанската популација во Владата на РМ и органите на управа во однос на вкупниот број на вработени во Републиката. Односно, бројот на министри Албанци и други избрани и именувани функционери, бројот на вработени во органите на управата од највисокото до најниското ниво. Работните места на кои се вработени и нивната стручна подготовка односно образование. Во информацијата побарав да бидат опфатени Владата, т.е. сите ресорни министерства, опфаќајќи ги и подрачните единици на тие министерства во РМ.

Прашањето е. Кога ќе ја добијам бараната информација од г. Љубчо Георгиевски?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине премиер, бара господинот пратеник Сејфедин Харуни во писмена форма ве известил уште во февруари побарал и сега бара кога ќе добие информација за застапеноста на припадниците на албанската националност во Владата и во органите на управата.

Господинот Харуни има уште едно прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Второто прашање, ние се договоривме со господинот Абдула тој тоа да го постави до премиерот Љубчо Георгиевски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога ќе дојде на ред. Сакате вие да ги искористите тие 5 минути? Ќе ве молам прво на вашето прашање да ви одговори, па после ќе видиме за прашањето. Молам, не може вака, или вие поставувате или ............... дајте поставете го прашањето.

Вклучете го господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Второто прашање се однесува повторно до премиерот Љубчо Георгиевски. Тетовскиот универзитет е заснован на 17.12.1994 година. Истиот е заснован како и Битолскиот универзитет со постојните законски важечки одредби. Тетовскиот универзитет овие 6 години сам се финансира. Од 8-те студенти што ги има, 13 факултети и 26 катедри, околу 400 вработени професори, прашањето се однесува кога Владата на РМ мисли овој универзитет да го признае како трет државен универзитет на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам господине Харуни.

Повелете господине премиер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво, за прашањето за застапеноста на Албанците во владините структури, јасно е дека ова прашање мора да оди писмено, меѓутоа, очигледно сакав да укажам на некои проблеми, кои можеби и досега сме ги имале. Имено, ќе ве потсетам дека до пред 15 дена во РМ немаше регистар на вработените во државната администрација. Ние имавме една

затекната ситуација каде што никој жив во оваа држава не можеше да ви одговори не колку Албанци има во државната администрација, туку не можеше да ви каже колку вработени има во државната администрација, каде се вработени, дали се вработени или се фиктивно вработени, така што тука постоеше еден наследен хаос кој се влечел со години и години и никого не го интересирало тоа. Така, еве, конечно можам да ви кажам дека од пред 15 дена веќе во државата имаме регистер на вработените на РМ, така што уверен сум дека сега службите ќе можат многу попрецизно, а не напамет да ви го кажат податокот кој ве интересира.

Второто прашање, сега можеме повторно да разговараме, дали господинот пратеник сака реално да го реши проблемот на високото образование на Албанците во Македонија или сака малку шпекулативно да се држи до формата или тетовскиот универзитет каков што е или ништо од тоа. Затоа на прашањето кога Владата има намера да го реши односно да го признае,или како го поставивте прашањето, тетовскиот универзитет таков каков што е сега можам да ви кажам дека немаме одговор на тоа прашање затоа што не го решаваме проблемот во таа насока.

Меѓутоа, ако прашањето го поставите од вистинската загриженост дека треба да се затвори прашањето на високото образование на Албанците во Македонија, тука можам да ви кажам дека можете да очекувате оптимистичко решавање на проблемот за кој сте заинтересирани и дека Владата многу активно работи на затворање на проблемот на високото образование на Албанците во Македонија и мислам дека Министерството за образование и Владата некаде мај - јуни ќе излезат и со закон и со конкретно решавање на проблемот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Првото прашање од премиерот го барав по писмен пат да ми се достави информација, а неговото образложение со често пати она "нели" дека нема списоци, нема точни информации за некои вработени во подрачните единици или министерствата, тоа не е точно. Од него барав писмено да ми одговори и тој тоа ќе треба да го направи само беше прашањето кога.

За второто, тетовскиот универзитет го користи она право како и Битолскиот универзитет кога се основаше. Трите општински управи потпишаа кога се основаше Битолскиот универзитет и таа постапка се направи на 17 декември 1994 година. Сите други шпекулации што можат во однос на решавањето на проблемот на тетовскиот универзитет во некоја друга завиена форма со предлогот што веќе екипа работи на решавање на високото образование на Албанците тоа може да биде само чиста фарса и чиста шпекулација. Албанците тоа право го имаат природно и како такво право на Албанците допрва треба да им се признае.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине премиер, Вие?

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Бидејќи вие бевте незадоволни јас имам право на коментар. Ако не се лажам тетовскиот универзитет "нели" како што велите вие започна со својата работа 1994 година. Така? Видете, можеби тука ние дополнително ќе го примениме искуството на решавањето на тој проблем во тие четири години затоа што ако не се лажам ПДП од 1994 година до 1998 година многу активно учествуваше и во извршната и во законодавната власт. Еве, за побрзо решавање на проблемите точно ќе ги проучам искуствата и од Парламентот колку пати ПДП го постави тоа прашаше и како предлагаше да се реши проблемот, а исто така ќе ги погледаме и стенографските белешки во Владата на Република Македонија како ПДП и колку пати го отвораше тоа прашање и кои беа предлозите за решавање на тој проблем, така што овие искуства ќе ги вклопиме заедно со нашата најнова идеа која вие велите дека е малку демагошка, меѓутоа, ќе ја видиме на крајот кога ќе се појави.

Активно ќе ги вклучиме искуствата од залагањето на ПДП и предлозите во тоа време.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, информацијата написмено ќе ја добиете. Кратко и јасно дали сакате писмена информација или не сакате?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот премиер требаше кратко да одговори, а не толку да образложува. Од 1994 година наваму бевме во коалиција во Владата. Таков модел што ни се нудеше тогаш Партијата за демократски просперитет не го прифати. Бидејќи денеска Штул е со нас, на времето контактираше, но не го прифативме. Меѓутоа, друга е димензијата на шпекулацијата што премиерот сака да ја пласира затоа што тој и слични нему, па и овде пратеници во Собранието поставија шатори само за решавање на проблемот на

Педагошкиот факултет во Скопје, односно примена на албанскиот јазик на Педагошкиот факултет во Скопје. Тоа се чисти шпекулации, сака да се вади дека бевте и не го решававте. Нам ни се случуваше истото тоа и со СДСМ, така ни се случува и денеска со коалициониот партнер ВМРО - ДПМНЕ. Она "нели" до кога, секако ќе очекуваме решение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам господине премиере не би требало повеќе.

Имаме уште едно прашање.

Има збор господинот Никола Поповски.

Процедурално не може, ниту има коментари, само имаме прашања и одговори на тие што поставиле.

Ве молам, по одговор на овие прашања, со оглед дека рековме во 14,00 часот, е првиот дел од нашата седница, ќе дадеме пауза да го ослободиме премиерот, а министрите ќе си останат и ќе одговараат на прашањата.

Во секој случај повелете господине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги, господин премиер, јас имам едно прашање, меѓутоа со оглед на начинот на кој ги добивавме одговорите до сега со упатување на периодот 1992 - 1998 година за сите прашања кои ги поставуваме Ве молам навистина без никаква зло намера да се сконцентрираме на прашањето што го поставувам без реминисценција на минатото.

Вие господине премиер пред неколку недели во едно телевизиско интервју изјавивте дека во моментот Република Македонија има доволно пари. Во една вчерашна или завчерашна изјава емитувана на сите телевизиски станици во живо изјавивте дека Буџетот на Република Македонија е преполн со пари и дека нам тие не ни недостасуваат, а дека кредитите што ги зема Република Македонија ги зема заради, цитирам "имиџ".

Во врска со прашањето што сакам да го поставам ја давам следната аргументација:

Република Македонија со два закони на претходната седница на Собранието презеде обврска за сервисирање на обврски кои ги има направено за време на своето постоење во СФРЈ во износ од над 2,5 до 3 милијарди ДМ по основ на денационализација и по основ на старото југословенско девизно штедење.

Свежи се изјавите на господинот министер за финансии дека заради билансни позиции во Буџетот и заради проблеми со сервисирање дури 0,5% покачување на каматната стапка на старите девизни штедачи претставува проблем. На пример од 2, на 2,5% да се зголеми што беше пресметка помала од 10 милиони ДМ годишно.

Исто така Република Македонија според изјавите на гувернерот, не сакам него да го инволвирам во ова, меѓутоа, според изјавите на гувернерот и според податоците кои ни се доставуваат во ова Собрание е задолжена надворешен долг во висина од 1,5 милијарди и дека сервисирањето на овој долг и одзема на Македонија помеѓу 10, 12 па дури 15% од бруто домашниот производ годишно за сервисирање на долгот што значи дека Македонија екстерно и интерно има задолженост која се брои во неколку милијарди марки и заради тоа Македонија ги одложува своите обврски по сите намени со законите од 2002, 2003 и понатаму за да може да ги извршува. Од истите причини господинот министер за финансии на неколку наврати одеше на преговори со ММФ и Светската банка дури и во Вашингтон со цел да ја задржиме надворешната ликвидност на Република Македонија да преговара за репрограмирање на нашите долгови кон Светската банка и ММФ и за склучување на нов договор по тој повод.

Со оглед дека вие дадовте два пати, не само еднаш, изјава дека ние имаме пари, дека Македонија нема потреба од кредити и дека ги зема само заради својот имиџ во светот не заради потреба и дека наводно Буџетот на Република Македонија е преполн наспроти ова што го елаборирав сега прашувам:

Дали останувате на изјавите што ги дадовте и дали таквите изјави најавуваат сериозно редефинирање на економската политика на Република Македонија во иднина затоа што тие изјави се спротивни со севкупната политика која ја води Владата до сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Никола Поповски.

Го молам премиерот.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Прво, добро е што господинот Никола Поповски го гледа моите интервјуа и мислам дека треба да продолжи и понатаму,

затоа што е добро за да научи некои работи. Работите што ги истакна ќе се обидам да ги коментирам со оние задршки што сметам дека треба да се кажат.

Оценката дека Македонија има пари се темели на следното:

Фактот што девизните резерви на Република Македонија прв пат достигнуваат историско рекордно ниво на задоволување на увозот за три месеци. Во овој момент конкретно за три, два месеци можеме да покриеме со девизни резерви. Историски рекорд што никогаш не се случил во Македонија. Јас веќе спомнав дека ние со девизните резерви кои ги имаме во овој момент и уште 50 милиони кои имаме намера да ги направиме до крајот на оваа година ќе стигнеме некаде до половина милијарда долари девизни резерви што можам да ви кажам дека сум горд дека една Македонија со својата површина и население има повеќе девизни резерви од некои балкански држави кои и по неколку пати се поголеми од неа. Мислам дека тоа треба да не гордее сите нас затоа што и дава на Македонија една трајна економска - макроекономска стабилност.

Второ, моментот дека Македонија има пари, а тоа значи дека Владата добро работела зборува и Буџетот на Република Македонија кој минатата година во услови на воена криза беше 18% натфрлен од она што беше планирано и прв пат ние имаме практично 100% остварување на Буџетот. Значи 10 години претходно не се сеќавам кои влади управувале со Македонија, ова е прв пат во овие десет години да имаме натфрлање на буџетскиот план на Република Македонија.

Е сега, оценката дека имаме пари е исклучиво во функција на краткорочната ситуација од една до две години. Дали Македонија има пари во принцип и дали може да се генерализира апсолутно ќе ви одговорам не. Како можеме, не можеме да ги споредиме тие бројки со сите оние долгови што ние ги наследивме од претходната влада, ако треба да ги повторам долговите. Слободно ќе кажам дека овие пари буквално не се ништо во фактот дека имаме милијарда и пол странски долг. Само за една година периодот 1997-98 година Македонија е задолжена со 300 милиони долари. Не знам кој беше министер за финансии во тоа време. Значи, постоеле влади во Македонија кои макроекономската политика на Македонија исклучително ја држеле со странски долгови. Сега не можам да кажам дека краткорочната оценка дека Македонија има пари може да се генерализира со сите оние долгови што ги имаме зад нас. Една милијарда и пол долг кон странство, една милијарда марки и кусур долг кон девизните штедачи, 250 милиони ДМ долг кон пирамидалните штедачи, пред малку беше зборувано за 200 милиони марки долг кон пензионерите. Денационализацијата ќе земе во државен капитал некаде меѓу една до две милијарди ДМ. Околу две милијарди долг на фирмите на Република Македонија кои ги затекнавме во моментот кога дојдовме. Сега, ако ние ги спомнеме резервите и добриот резултат на резервите, ако го спомнеме добриот буџет за оваа година не значи дека сме се збогатиле трајно. Меѓутоа, оценката дека во овој момент финансиски Република Македонија стои како никогаш порано е реалност и зад таа изјава стојам максимално. Дека тоа значи нешто во генералните долгови на Република Македонија можам исто така да ви кажам дека не е истата оценка, туку дека Македонија има се уште премногу долгови кои висат на нашиот грб и кои треба да си ги платиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам господине премиере на одговорот.

Ве молам господине Поповски, Вашиот коментар дали сте задоволни?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да, благодарам, согласно деловникот сакам да кажам дека не сум задоволен од одговорот и дека врз основа на тоа можам да констатирам следното:

Прво, да му се заблагодарам на премиерот на нивото на комуникација кое го покажува со пратениците, тоа е негов проблем.

Второ, можам да констатирам од ова што е кажано дека Република Македонија денеска и во иднина нема да ги зема кредитите за имиџ, туку затоа што и се горко потребни за да ја одржува внатрешната и надворешната ликвидност со што изјавата што ја даде пред медиумите е очигледно неточна.

Трето, оценувам дека е повлечен изјавата дека Македонија е преполна со пари, напротив на Македонија и се неопходни пари.

Четврто, господинот Георгиевски од сите долгови што ги наследува Македонија од 1990 па наваму заборава да каже дека некои од оние со кои се пофали се исто наследени од претходните влади, меѓутоа, тоа е еден селективен пристап кој има намера да врши политичка пропаганда. На

пример за девизните резерви. Тие се наследени на високо ниво, а нивното сегашно зголемување и во 1999 година делумно се должи на одлагање на обврските на Република Македонија кои сепак до крајот на 2000 година ќе се исполнат и по тој основ ќе се намалат девизните резерви.

Петто, кога изјавува премиерот дека Македонија е преполна со пари, зема кредити за имиџ претпоставувам дека премиерот како задолжен за состојбата во Република Македонија мислеше само задолжен за состојбата на Буџетот на Република Македонија. Инаку податоците од државните институции, Заводот за статистика, Заводот за платен промет говорат дека ненамирените, а доспеани обврски во Република Македонија во 1998 година кога ја наследи Владата биле 18 милијарди денари, на 31-ви 1999 година се 25 што значи дека една шестина од Буџетот е износот на зголемените неликвидности односно доспеани, а не подмирени обврски на Република Македонија внатрешно.

Ако господинот премиер дава изјави имајќи го предвид само Буџетот, а едновремено апсолутно не го интересира што се случува со правните субјекти и физичките лица кои го полнат буџетот, мислам дека тоа претставува проблем на господинот премиер. Меѓутоа, од ова што го кажа, јас извлекувам заклучок дека Македонија не е преполна со пари, дека на внатрешно ниво ја зголемува неликвидноста и доспеа-ните, а не измирени обврски, дека ќе мора и понатаму да зема кредити не за да го подобрува имиџот, туку за да ги сервисира своите обврски кон странство и дека врз основа на тоа изјавите биле дадени неточни како што обично премиерот ги дава, затоа што и сега видовме дека даде изјава од пред една година дека ќе се повлече ако Тајван не успее, сега кажа дека нема да се повлече, во негов стил тоа е сепак удирање на четки на јавноста и на опозицијата и во таа смисла сметам дека изјавите претставуваат континуитет на таканареченото удирање на четки. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете господине премиер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Господинот пратеник може бројките и анализите да си ги прави на начин како што тој смета треба да ги коментира, меѓутоа од сето она што го кажа јас само ќе повторам некои работи.

Факт е дека буџетот на Република Македонија во овие десет години никогаш не бил 100% остварен и факт е дека девизните резерви на Македонија никогаш не биле толку високо ниво како што се во овој момент. Во исто време она што го зборувавме дека тој кредит не е потребен, можам само да дополнам дека се однесуваше за кредитот од Светската банка ИДА кредит кој беше некаде меѓу 13 и 17 милиони долари. Факт е дека Република Македонија во овој момент нема толку реална потреба за еден таков кредит колку што и е поважно потпишувањето на самиот договор на ММФ и Светската банка.

Повторно на извртеното прашање дали на Македонија не и требаат кредити, јас можам да ви одговорам и попрецизно. Оваа година ние како држава треба да вратиме 217 милиони долари странски долг. Ова е рекордно високо ниво кога една Влада воопшто во Република Македонија треба да врати странски долг пари кои претходните генерации и претходните влади ја задолжувале Македонија. Ние сме тие кои сега треба да им го вратиме долгот. Нашата цел која е поставена што помалку кредити да земеме во преминуваше на оваа голема цел да се врати долгот од 217 милиони долари, а во исто време да вратите 50 милиони ДМ долг на старото девизно штедење. Јас сакам и тоа да го спомнам дека благодарејќи на тоа финансиско работење ние ќе можеме прв пат во РМ во овие десет години на девизните штедачи по номинала да им исплатиме кеш пари и тоа во висина од 50 милиони ДМ. Тоа е исто дел од таа финансиско - монетарна политика.

Во исто време ја правиме денационализацијата во Република Македонија и сите оние други исполнувања и обврски. Така што, да не се фаќаме тука, да не ги испреваруваме работите. Да се совлада долг од 217 милиони долари кон странство, не е толку лесна работа, а веруваме дека минималното задолжување за враќање, навистина ќе биде покажано на крајот од оваа година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, благодарам на одговорот на премиерот.

Мислам дека овој начин на комуницирање пред јавноста помеѓу законодавната и извршната власт претставува значаен поен во јакнење на демократијата. Секој од нас може да си остане со своето мислење и, нормално е да остане со своето мислење. Јавноста е таа што ќе процени дали Владата има доволно аргументи, дали е одговорна, како

што треба и, конечно таа ќе си го каже судот тогаш кога ќе дојде време.

Зборот ми е во следново, ова е дел на јакнењето на внатрешната содржина на парламентарната демократија. Јас, додека сум претседател на Собранието, тоа ќе го практикувам и се надевам дека, ова е инаку новина, да знаете дека за прв пат од постоењето на парламентарна демократија имаме вакви соочувања Влада - Парламент, премиер - Парламент.

Според тоа, после еден час пауза ќе имате можност на министрите да им поставите прашања.

(Пауза од 14,05 до 15,20 часот).

По паузата со седницата продолжи да раководи господинот Илјаз Халими потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Влада, продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците што се надвор да влезат во салата.

Ги молам службите да проверат дали има доволно пратеници за да можеме да продолжиме со работа.

Почитувани пратеници, претставници на Владата.

Веќе 25 мин. чекаме да продолжиме со работа.

Гледам дека во салата има само 42 пратеника.

Јас морам да ја прекинам оваа седница, а за наредната седница дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 15,25 часот).